# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ДОКТОРАНД ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МУЗИЧКИ ФОРМИ СО АНАЛИЗА НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1902-110/5 од 7 октомври 2014 година донесена на 10. седница на Наставно-научниот совет на Музичка академија, одржана на 7 октомври 2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент-докторанд за научната област *музички форми со анализа* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Утрински весник“, „Коха“ и „Нова Македонија“ на 18 септември 2014 година и во предвидениот рок се пријави м-р Ленче Насев, асистент на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Музичка академија да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Ленче Насев** е родена 27 април 1976 г. во Штип. Паралелно со општото основно образование го посетува и основно музичко училиште, каде што го изучува инструментот виолина. Средно музичко образование завршува во Штип во 1994 г. на Вокално-инструменталниот оддел – виолина, со континуиран одличен успех. Дипломира во 1998 година на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просечен успех 9.68 и се стекнува со диплома дипломиран музичар, теоретичар, педагог, хорски диригент. Во 2008 година на истата институција успешно го одбранува магистерскиот труд „*За музичката форма на Sinfonietta in Si од Томислав Зографски – аналитички белешки*“ и се стекнува со звање магистер по музички форми со анализа, со просек 9.60.

Ленче Насев своите почетоци во наставно-образовната дејност ги започнува во 1999 г. како наставник по предметите Музичка теорија и педагогија и Виолина во ОМУ „Стеван Мокрањац“ во Кочани. Од 2001 до 2009 г. работи во ООУ „Гоце Делчев“ во Штип како наставник по музичко образование. Во овој период, во рамките на Проектот за модернизација на образованието, учествува на повеќе семинари и работилници меѓу кои: 1. „Ние народот...проект граѓанин“, 2. Современи и креативни методи и техники на учење и осовременување на наставата, 3. Образовна компензација за деца од ранливи групи, 4. Комуникациски вештини и Тимска работа, 5. Innovative Use of ICT in Primary Schools, како и во обуката за наставници: Примена на стандарди за оценување на учениците.

Од јули 2009 г. се здобива со соработничко звање помлад асистент за научното поле музички форми со анализа, а од 2012. г. со соработничко звање асистент на Музичката академија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. До денес успешно ги извршува работните обврски како асистент на Музичката академија во Штип.

Кандидатката активно учествува во научноистражувачката дејност преку работилници, трибини, обуки, домашни и меѓународни конференции.

***Кандидатката ги исполнува сите законски услови предвидени за избор во звање асистент-докторанд, и тоа:***

- завршен втор циклус студии од соодветно научно подрачје – *магистер по музички форми*;
- остварено просечен успех 9,68 на прв и 9,60 на втор циклус студии;
- има познавање од англиски јазик кое кандидатката го докажува со потврда за познавање на јазикот и тоа Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски јазик (Cambridge Certificate of Preliminary English) - (B1);

– има објавено научни трудови;
– способност за наставно-научна дејност.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

М-р Ленче Насев од 2009 г. работи како помлад асистент, а од 2012 г. како асистент на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Таа ги реализира вежбите по следниве предмети: Музички форми со анализа 1, Музички форми со анализа 2 ТММП, Основи на музички форми со анализа 1, Основи на музички форми со анализа 2 ВИ , Атонален солфеж џез студии, Хармонија 1,2,3 ТММП и ВИ, Полифонија 1,2,3 ТММП, Инструментална полифонија 1,2 ВИ, Методика на музичка настава 1, Методика на музичка настава 2 ТММП. Од зимскиот семестар во учебната 2011/2012 г. ги реализира и вежбите на Факултетот за образовни науки во Штип/Струмица по предметите: Музичко воспитание и образование со методика 1 предучилишно воспитување и Музичко образование со методика 1 одделенска настава.

***Објавени трудови во зборници и списанија***

1. Nasev, Lenče (2014) Rodna Veličkovska: glasbeni dijalekti v tradicionalni makedonski ljudski obredni pesmi (recenzija treh knjig), Glasba v soli in vrticu, letnik XVIII, 2014,ISSN 1854-9721,številka 1-2, p.p. 59-64.
2. Насев Ленче (2014) *Битола и тузичките врски меѓу Македонија и Србија. In: Конзулска Битола и историските, современите и идните културни и уметнички врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија*, 31 May-1 June 2013, Битола. ISBN 978-608-65122-3-1 p.p. 245-249.
3. Насев Ленче (2014) *Белези на музичките традиции во Македонија низ вековите*. Традиција као инспирација, Тематски зборник, Бања Лука, 2014, ISBN 978-99938-27-13-9. pp. 189-197.
4. Насев Ленче (2013) *Толкување на првиот став од Думбартон-Окс, концерт за камерен оркестар од Игор Стравински*. Зборник радова за VII међународног научног скупа одржаног на Филолошко-уметничком факултету у Крагујевцу, Музика и неизрециво&историја уметности-методи и методологија и њихова примена, ISBN 978-86-85991-54-7, 3. pp. 189-192.
5. Насев Ленче (2013) *Уметност, култура и музичко образование*. Воспитание - списание за образовна теорија и практика, 8 (12). pp. 71-74. ISSN 1857-5331.
6. Насев Ленче (2013) *Музичко образование и потреба за доживотно учење*. Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото, ISBN 978-608-238-012-4, 2. pp. 222-228.
7. Nasev, Lence (2013) *Integrating music and dance into school curriculum*. Activities in Physical Education and Sport, International Journal of Scientific and Professional Issues in Physical Education and Sport, 3 (1). pp. 95-97. ISSN 1857-7687.
8. Насев Ленче (2012) *О македонској црквеној музици*. Зборник радова за VI међународног научног скупа одржаног на Филолошко-уметничком факултету у Крагујевцу, Језик музике, Музика и религија ISBB 978-86-85991-44-8, III. pp. 19-23.
9. Nasev, Lenče (2012). Primena savremenih nastavnih sredstava u muzičkoj nastavi, Pedagoški fakultet u Jagodini, Međunarodni naučni skup, Škola kao činilac razvoja nacio-nalnog i kulturnog identiteta i proevropskih vrednosti, Tom II, p.p. 555-563. ISBN 978-86-7604-097-2.
10. Насев Ленче/Гавриловски (2012) *„Копачите” и „Приспивна” - Стефан Гајдов*. Музичко-научна манифестација: Струшка музичка есен. pp. 13-19. ISSN ISBN 978-9989-801-10-5.
11. Насев Ленче (2012) *Улогата на семејството, наставникот по музичко образование и учебникот во откривање и поттикнување на музички талентирани ученици*. Зборник на трудови, Факултет за музичка уметност, 3 (3). pp. 81-86. ISSN 1857-8659.
12. Насев Ленче (2012) *За жанрот синфониета*. Традиција као инспирација, Дани Владе С. Милошевића, ISBN 978-99938-27-10-8. pp. 363-378.

13. Nasev, Lence (2012) *Music and movement*. International Journal of Kinesiology and Other Related Sciences, 40 (1). pp. 101-105. ISSN 1857-7679.
14. Nasev, Lence (2012) *Use of Learning Media in Music Education*. Annual Miscellaneous Collection. pp. 85-93. ISSN 1409-9187.
15. Насев Ленче (2011) *Педагошката пракса во едукативниот процес на идните наставници по музичко образование*. Годишен зборник 2011 на Факултетот за музичка уметност при УГД Штип, 2 (2). pp. 99-103. ISSN 1857-7296.
16. Насев Ленче (2011) *Поглед кон животот и дејноста на Јосиф Ковачев – истакнат македонски педагог и реформатор од Штип*. Годишен зборник на ИНИСА, УГД - Штип, 2 (1). pp. 155-162. ISSN 1857-7342.
17. Насев Ленче (2011) *Наставник по музичко образование - подготовка за реализација на изборните предмети во основните училишта*. Зборник на трудови од третиот научно-стручен собир со меѓународно учество, Битола, 9.12.2011 г. ISBN 987-608-4616-24-5.
18. Nasev, Lence (2011) *Systematic Teaching in Music Education*. The VI International Balkan Congress for Education and Science: The modern society and education. ISSN 978-9989-823-33-6.
19. Насев Ленче (2010) *Предметот музичко образование во рамките на основното образование*. Yearbook - Faculty of Music Art, 1 (1). pp. 59-62. ISSN 1857-8659.
20. Насев Ленче (2010) *Музичката форма на ораториумот „Похвала Кирилу и Методију" од Томислав Зографски - Синтеза на музички традиции*. Списание „Музика", год.13, бр.16. 03-22. ISSN 1409-6579
21. Насев Ленче (2009) *За музичката форма на "Simfonietta in Si" од Томислав Зографски - аналитички белешки*. Списание „Музика", год.12, бр.15. pp. 31-44. ISSN 1409-6579

***Научна книга***

– Насев Ленче (2013) *Музичката форма на жанрот Симфониета*. Маска, ISBN 978-608-4505-14-3.

***Позитивно рецензирани практикум и скрипта***

– Михајловски Ангеле и Насев Ленче (2013) Практикум по Музичко образование со методика за одделенска настава.
– Михајловски Ангеле и Насев Ленче (2013) Музичко образование со методика (скрипта).


***Учество на конференции***

1. Музичко-научна манифестација *Струшка музичка есен,* 2009 г. Струга, со трудот „За музичката форма на „Sinfonietta in Si" од Томислав Зографски – аналитички белешки".
2. Стручен собир *Улогата на музиката во образовниот процес*, 2010 г., Штип, со трудот „Предметот Музичко образование во рамките на основното образование".
3. Музичко-научна манифестација *Струшка музичка есен,* 2010 г. Струга, со трудот „Музичката форма на ораториумот Похвала „Св. Кирил и Методиј" од Томислав Зографски - синтеза на музички традиции".
4. Научен симпозиум *Јосиф Ковачев и неговото време,* 2010 г. Штип, со трудот „Поглед кон животот и дејноста на Јосиф Ковачев-истакнат македонски педагог и реформатор од Штип".
5. Интернационалната конференција *Култура и музика,* ИРАМ, 2011, Скопје со трудот „Интеграцијата на ИКТ во музичкото образование".
6. Меѓународна научна конференција *Традиција као инспирација,* 2011 г. Бања Лука, со трудот *За жанрот синфониета*.
7. Меѓународна научна конференција *School as a Factor in Development of the National and Cultural Identity and proEuropean Values: Education between Traditional and Modernity,* 2011, Јагодина, со трудот„*Use of Modern Learning Media within Music Education Lessons"*.

8. Меѓународна научно стручна конференција *Релации на физичкото образование и спортските активности во воспитно-образовните организации (предучилишни установи, основно, средно и високо образование) и во одделни општествени дејности,* 2011 г., Велес, со трудот „Музика и движење".
9. Музичко научна - манифестација *Срушка музичка есен*, 2011, Струга, со трудот „Наставник по музичко образование - професија со отворени врати".
10. Меѓународен научен симпозиум, *Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото* 2011 г. Охрид, со трудот „Musical education and the necessity of lifelong education".
11. Меѓународен балкански конгрес за образование и наука *Современото општество и образованието,* 2011 г., Охрид, со трудот „Систематска настава во музичкото образование",
12. VI Меѓународна научна конференција, Српски језик, књижевност, уметност, 2011 г. Крагујевац, со трудот „Македонска црквена музичка традиција".
13. III Научно стручен собир „Образованието во 21. век", 2011, Македонско научно друштво, Битола, со трудот, „Наставник по музичко образование-подготовка за реализација на изборните предмети во основните училишта".
14. 10. Меѓународни научно стручен собир, Публикување на стручните и научните сознанија во физичкото образование и спортските активности, 2012 г., Федерација на спортските педагози на Република Македонија, Велес, со трудот, „Интеграција на музиката и танцот во училишниот курикулум".
15. 16-ти Симпозиум за спорт и физичко образование на младите, 2012, Федерација на спортските педагози на Македонија, со трудот „Корелација во наставата по музичко и физичко образование во основното училиште".
16. Музичко-научна манифестација *Струшка музичка есен,* 2012 г. Струга, со трудот „Копачите и Приспивна од Стефан Гајдов"
17. VII Меѓународна научна конференција, *Српски језик, књижевност, уметност*, 2012, Крагујевац, со трудот „Игор Стравински: Структура првог става концерта ин Es-DUMBARTON OAKS".
18. Меѓународна научна конференција *Традиција као инспирација,* 2013 г. Бања Лука, со трудот „Белези на музичките традиции во Македонија низ вековите".
19. Научна конференција на Катедрата за теоретски предмети, Универзитет во Ниш, Факултет за уметност во Ниш, со трудот „Родна Величковска: музички дијалекти у македонској традиционалној народној обредној песми"
20. Меѓународна конференција *Конзулска Битола и историските, современите и идните културни и уметнички врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија*, 2013, Битола, со трудот *Битола и тузичките врски меѓу Македонија и Србија*.
21. Меѓународна научна конференција BALKAN ART FORUM, Факултет за уметност во Ниш, 2013 г., со трудот MOGUĆNOSTI ZA KORELACIJU NASTAVE MUZIKE I FIZIČKOG VASPITANJA
22. Меѓународна научна конференција „*Македонистиката меѓу традицијата и современите предизвици*" одржана по повод 60 години од основањето на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков"-Скопје, 2013 г., со трудот *МОЖНОСТИ ЗА КОРЕЛАЦИЈА МЕЃУ ПРЕДМЕТИТЕ МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ И МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ*.
23. Меѓународна научна конференција *Традиција као инспирација,* 2014 г. Бања Лука, со трудот „Поглед кон дејноста на Томислав Шопов – истакнат македонски диригент (по повод 75 годни од неговото раѓање и 45 години дејност)".
24. Научно-стручна конференција со меѓународен карактер „Современото воспитание и образование-состојби,предизвици и перспективи, Штип, 2014, со трудот *МЕТОДСКИ МОЖНОСТИ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА МУЗИЧКИОТ ФОЛКЛОР ВО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС*.
25. Научна конференција *Реформите во воспитно-образовниот систем во Република Македонија*, Денови на педагогија, УКИМ, 2014 г., со трудот „Технологијата во музичкото образование – истражувања и можности".

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

- Член на рецензентска комисија при МОН за четврто одделение од деветгодишното основно образование, како и за седмо одделение од осумгодишното основно образование еквивалентна на наставната програма за VIII одделение по предметот Музичко образование, рецензирани седум учебници (4х IV одд.); (3х VII одд.),2009 г.
- Член на ННС при Факултетот за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип од 2009 г.
- Составен дел од Издавачкиот совет, Редакцискиот одбор и одговорните уредници на Годишен зборник (2010), Факултет за музичка уметност - Штип, година 1, број 1.
- Изготвувач на наставната програма за предметот *Свирење хорски партитури за III година* за Средно уметничко училиште, ангажирана како надворешен член од Бирото за развој на образованието 2010 г.
- Активно учество при внесувањето на податоците од сите досиеја на студентите запишани на ФМУ – Штип, во новиот софтвер за студентски прашања во периодот од 10 јуни до 9 јули 2010 година.
- Изготвувач на наставната програма за четврта година за средно уметничко (музичко балетско) образование - образовен профил музичар теоретичар *Познавање на хорска литература,* ангажирана како надворешен член од Бирото за развој на образованието мај 2011 г.
- Член на конкурсната комисија за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус на универзитетски студии во учебните 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012, 2012/13, 2013/14 година на Музичката академија - Штип, прием на документи во трите уписни рока.

*Учество во емисии, курсеви, работилници и трибини*

- Учество во емисијата Дневна соба на 12 февруари 2010 на локалната телевизија ТВ Стар, по повод одржаниот стручен собир Улогата на музиката во образовниот процес во организација на Факултетот за музичка уметност - Штип.
- Учество во „Напреден курс за користење на ИКТ во наставниот и истражувачкиот процес“. Организатор: Центарот за електронско учење при УГД - Штип (март, јуни и август 2010).
- Учество и стекнат сертификат од работилницата одржана на 30.9.2010 година на тема: „Активно учење во големи групи: невозможност или предизвик?“.
- Организатор: Центар за кариера при УГД - Штип во соработка со Американските совети – Скопје.
- Учество во курсевите “Integrating IT tools into teaching process”. „Интегрирање на ИТ алатки во наставниот процес“ што се одржаа под раководство на проф. Д-р Вилијам Ворик, јуни 2011.
- Учество на научно-стручна трибина „Наставникот-некогаш, денес, утре Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, 2013.

*Студиски престој во странство*

- Во 2013 година Ленче Насев е дел од Еразмус размената на наставен кадар во Р. Словенија на Универзитетот во Марибор. Во рамките на нејзиниот престој успешно реализира пет предавања.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со чл. 123 и чл. 125 од Законот за високо образование на Р. Македонија и чл. 21 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во звање асистент-докторанд на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип („Универзитетски гласник" број 31, мај 2014 г.), по разгледувањето на поднесената документација од страна на пријавената кандидатка, даваме следниов заклучок и предлог:

Кандидатката м-р Ленче Насев, покрај доставената комплетна документација која се бара, покажува и перманентен интерес и желба за научно напредување што се потврдува со објавените научни и стручни трудови, учества на научни конференции.

Рецензентската комисија **позитивно** ја оценува целокупната работа на кандидатката и е на мислење дека м-р Ленче Насев во целост ги исполнува критериумите за избор во звање **асистент-докторанд** од научната област музички форми со анализа.

Затоа, рецензентската комисија со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип **кандидатката м-р Ленче Насев да ја избере во асистент-докторанд за научната област музички форми со анализа**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Илчо Јованов, вонреден професор, претседател, с.р.**
**Проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска, вонреден професор член, с.р.**
**Проф. м-р Гоце Гавриловски, вонреден професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Избрана во звање помлад асистент | 10 | | | | 10 |
| 2 | Избрана во звање асистент | 15 | | | | 15 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **25** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 22 | Студиски престој во странство | 8 | | | | **8** |
| 1 | Научна книга | 1 | 10 | | | 10 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати во зборник од трудови на научен собир | 11 | 1 | 5 | 2 | 21 |
| 11 | Одбранет магистерски труд | 4 | 4 | | | 4 |
| 17 | Уредник на зборник на трудови од научен собир | 1 | 1 | | | 1 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат | 16 | 1,5 | 7 | 2 | 38 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **82** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 5 | Труд во стручно списание | 3 | 2 | 1 | 6 | **12** |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 1 | 2 | | | **2** |
| 8 | Учество на стручен собир со реферат | 1 | 0,5 | | | **0,5** |
| 27 | Член на рецензентска комисија при МОН | 1 | 5 | | | **5** |
| 28 | Член на Наставно – научен совет | 1 | 2 | | | **2** |
| 28 | Член на конкурсната комисија за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски студии од 2009/2010 до 20013/2014 г. | 5 | 2 | | | **10** |
| 29 | Член на Биро за развој на образованието за изготвување на наставни програми | 2 | 2 | | | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **35,5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **142,5** |